**прикази - полемики - рецензии**

Сулејман Хрњица, Вера Рајовиќ, Татјана Чолин, Ксенија Крстиќ и Дијана Допуновиќ

**УЧИЛИШТЕ ПО МЕРКА НА ДЕТЕТО**
ПРИРАЧНИК ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ ПОПРЕЧЕНИ ВО РАЗВОЈОТ ВО РЕДОВНИТЕ УЧИЛИШТА

*Софија М. АРНАУДОВА*

Филозофски факултет
Институт за социјална работа и социјална политика

***Резиме***

Текстот што ќе биде изложен на следните страници претставува приказ на научното дело ***Škola po meri deteta,*** *priručnik za rad sa učenicima redovne škole ometenim u razvoju.* Автор и уредник на ова дело е Сулејман Хрњица, во соработка со Вера Рајовиќ, Татјана Чолин, Ксенија Крстиќ и Дијана Допуновиќ. Прирачникот е составен дел на проектот *Инклузија на ученици со тречки во развојот во редовното основно образование*, кој е одобрен и финансиран од Министерството за образование и спорт на Република Србија, а издаден е од Институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Белград со помош на фондацијата "Save the Children" во Белград, 2004 година. Ова дело ретко може да се најде во книжарниците низ земјава, но затоа, пак може да се најде во библиотеките на Филозофскиот факултет, како и на Саемот на книгата, што секоја година се одржува во Скопје.

Адреса за сепаратите:
*Софија М. АРНАУДОВА*
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Институт за социјална работа и социјална политика
Бул. „Крсте Мисирков“ бб, 1000 Скопје
Република Македонија
E-mail: sofijaaranaudova@yahoo.com

**presentations - arguments - reviews**

Sulejman Hrnjica, Vera Rajovikj, Tatjana Cholin, Ksenija Krtikj and Dijana Dopunovikj

**A SCHOOL TO MATCH ANY CHILD**
A MANUAL FOR WORKING WITH PUPILS WITH DEVELOPMENTAL DIFICULTIES IN REGULAR SCHOOLS

*Sofija M. ARNAUDOVA*

Faculty of Philosophy
Institute of social work and social policy

***Abstract***

The presented text is a review of the scientific work ***A school to match any child,*** *a manual to work with children of regular schools with physical disabilities.* The author and the editor of this work is Sulejman Hrnjica, in cooperation with Vera Rajovikj, Tatjana Cholin, Ksenija Krtikj and Dijana Dopunovikj. The manual is a part of the project *Inclusion of students with physical disabilities in regular primary education,* which was approved and financed by the Ministry of education and sport of the Republic of Serbia, and published by the Institute of Psychology at the Faculty of Philosophy in Belgrade, with the assistance of the foundation "Save the Children" from Great Britain, the office in Belgrade, 2004. This work can hardly be found in bookshops through the country, but it can be found in the library of the Faculty of Philosophy, and certainly at the Book Fair, held every year in Skopje.

Address requests for reprint to:
*Sofija M. ARNAUDOVA*
“Ss. Cyril and Methodius” University
Faculty of Philosophy
Institute of social work and social politic
Bull. “Krste Misirkov” bb, 1000 Skopje
Republic of Macedonia
E-mail: sofijaaranaudova@yahoo.com

Авторот на ова дело, Сулејман Хрњица, е доктор по психолошки науки, а неговите трудови се од подрачјето на психологијата на лицата со посебни потреби. Добитник е на наградата „Д-р Борислав Стевановиќ" во 1983 год., за научен придонес со објавување на книгата „Зрелост на личноста", а во 1993 год. (заедно со Ј. Бергер и М. Биро) за учебникот „Клиничка психологија". Најголемиот број од неговите активности се однесуваат на истражувања на развојот и социјалната положба на децата со посебни потреби, ризичните деца и децата од социо-културно депримирани средини. Хрњица има објавено поголем број научни трудови од кои позначајни се: „Општа психологија со психологија на личност" (1994), „Зрелост на личноста" (1993), „Детето со развојни тешкотии во редовното училиште" (1997), „Попречено дете" (коуредник) (1992), „Клиничка психологија" (коуредник) (1991).

И зошто токму ваков наслов? Синтагмата „Училиште по мера на детето" воведена е во педагодијата и психологијата уште во 1929 год. од страна на швајцарскиот научник Едвард Клапаред. Оваа идеја-значајна за сите деца, и оние со и оние без пречки во развојот, била изложена на многу критики. Но, сведоци сме дека движењето за заедничко образование на децата со и без пречки во разојот зазема планетарни размери. Ова движење добило голема поддршка од Конвенцијата за правата на децата на ОН, па така и идејата на овој прирачник потекнува од клучните одредби на Конвенцијата и Законот за образование. Овој прирачник е наменет за наставниците од пониските одделенија во основното образование, училишните педагози и психолози.

Содржината на ова дело е прикажана на 155 страници и истата е поделена на четири дела кои заедно претставуваат функционална целина. Содржината е прикажана по следниов редослед:

The author of this work, Sulejman Hrnjica, is a doctor of psychological science and his works are from the field psychology of people with special needs. He is a winner of the award "Dr. Borislav Stevanovikj" in 1983 for his scientific contribution in his published book "Maturity of a Personality" and in 1993 (together with J. Berger and M. Biro) for the textbook "Clinical Psychology". Most of his work and activities refer to his research of the development and social condition of children with special needs, risky children and children of socio-cultural deprived environments. Hrnjica published a lot of scientific works as follows: "General Psychology with Psychology of a Personality" (1994), "Maturity of a Personality" (1993), "A child with developmental difficulties in regular schools" (1997), "Disabled child" (coeditor) (1992), "Clinical Psychology" (coeditor) (1991).

And why is such a title? The syntagma *"A school to match any child"* was introduced in the Pedagogy and Psychology in 1929 by the Swiss scientist Edward Clapared. This idea – important for all children, with and without developmental disabilities, was greatly criticized. But we have witnessed that the movement for integrated education for children with and without developmental disabilities gets planetary dimension. This movement has been supported by the Convention of Children's Rights by UN, and the idea for this manual is inspired by the key provisions of the Convention and the Law on Education. This manual is intended for the teachers of lower grades of the primary education, for the school pedagogues and psychologists.

The content of this work is shown on 155 pages and is divided into four parts which together present a functional unit. The content is shown as follows:

- првиот дел ***Концепциски пристап и особености во процената на децата со пречки во развојот,*** ја разработува дефиницијата за тоа кои се децата со пречки во развојот, кои се нивните карактеристики, како треба да се работи со овие деца и како истите да се инклудираат во основното образование;
- вториот дел ***Подготовка на детето со пречки во развојот за поаѓање во училиште и период на прилагодување,*** вклучува препораки за подготовка како на родителите така и на детето, за поаѓање во училиште но, и укажувања за потребниот период за адаптација на детето во училишната средина;
- во третиот дел, ***Изработка на индивидуални образовни планови за децата со пречки во развојот***, авторот објаснува што е тоа индивидуален план, за кои деца е наменет и кога се подготвува, каква е улогата на родителите во тимот за подготовка на индивидуалниот план, какви се воспитните проблеми и начинот на нивно решавање кај децата со пречки во развојот како и предлози за решавање на карактеристичните потешкотии во работата со овие деца;
- во четвртиот дел, ***Како да се подготви училиштето за деца со пречки во развојот***, авторот препорачува како треба да биде опремено училиштето, како да се воспостави врска на училиштето со локалната заедница и со родителите, како да се подготват наставниците за прифаќање на децата со пречки во развојот, но и децата за интеракција со врсниците и наставниците.

Во првата глава од делот *Концепциски пристап и особености во процената на децата со пречки во развојот* се дадени објаснувања за тоа што се деца со пречки во развојот, каков е пристапот кон овие деца во различни земји во светот и како тие се класифицирани според Меѓународната класификација за болести.

- The first part ***Conceptual approach and characteristics in the assessment of children with developmental disabilities,*** deals with the definition of who children with developmental disabilities are, what their characteristics are, how they should be worked with and how they should be included in the primary education;
- The second part ***Preparation of a child with developmental disabilities to start school and the period of adaptation,*** includes recommendations for both parents and children's preparation to start school, but it also points out the necessary period for adaptation of the child in the school environment;
- The third part ***Designing individual education plans for children with developmental disabilities,*** explains what an individual plan means, what kind of children it is intended for and when it is prepared, what the role of parents is in the team for preparation of the individual plan, what kind of education problems arise and how they are solved in children with developmental disabilities and suggestions how some difficulties to be solved while working with these children;
- In the fourth part, ***How to prepare the school for children with developmental disabilities,*** the author suggests how the school should be equipped, how the school should be linked to the local community and to the parents, how the teachers should be prepared to accept children with developmental disabilities, but the children as well in order to interact with their classmates and their teachers.

In the first chapter of the part ***Conceptual approach and characteristics in the assessment of children with developmental disabilities,*** explanations are given who children with developmental disabilities are, what the approach towards these children is in different countries in the world and how they are classified according to the International classification of deceases.

Авторот навлегол и подлабоко, па наведува и со што се карактеризира секоја категорија од децата со пречки во развојот, какви се примарните и секундарните последици од пречките во развојот. Потоа, тој ги елаборира сите тешкотии кои може да се јават кај овие деца (гранични интелектуални способности, оштетувања на видот и слухот, комуникациски пречки, телесни оштетувања, хронична болест, специфични тешкотии во учењето, емоционални проблеми и тешкотии во социјалното прилагодување и деца подложни на замор), ги истакнува нивните слабости, нивните позитивни страни, нивните специфичности но, укажува и на најдобрите методи и препораки за понатамошна работа со секоја потешкотија одделно. Покрај своите препораки, авторот ги наведува и препораките на специјализираната агенција на ОН за работа со деца со пречки во развојот утврдени со Конвенцијата за правата на децата. Покрај другото, наведени се и членовите од оваа Конвенција, кои се однесуваат на децата со посебни потреби, а се усвоени на Генералното собрание на ОН 1989 година. Исто така, Хрњица наведува како треба да ѝ се пристапи на инклузијата во основното образование од страна на децата со и без развојни проблеми, од страна на родителите на децата со и без развојни проблеми, но и од страна на наставниците и членовите на стручниот тим (педагози, психолози, дефектолози и социјални работници). Освен наведеното, во овој дел авторот дава осврт и на тоа колку е битна процената на аномалијата кај децата со пречки во развојот, па во прилогот бр. 1 дава и еден прашалник кој треба да го пополнат надлежните за да направат проценка на однесувањето на детето во текот на тестирањето и тоа од аспект на неколку критериуми (влез во просторијата, првите реакции, односот спрема барањата на испитувачот, реакциите на неуспех, реакциите на продолжен неуспех, реакциите на доживување успех, односот спрема испитувачот, ставот на телото, движењата и изразот на лицето).

The author goes even further, and points out the characteristics of each category of children with developmental disabilities, what the primary and secondary consequences of developmental disabilities are like. Then he elaborates all the difficulties which might arise with these children (maximum intellectual abilities, impairments of vision and hearing, communication disabilities, physical impairments, chronic decease, specific learning difficulties, emotional problems and difficulties in social adaptation and children ease to get tired), he highlights their weaknesses, positive sides and specifics, as well as pointing out the best methods and recommendations for further work with each difficulty respectively. Besides his recommendations, the author cites the recommendations of the specialized agency at UN for work with children with developmental difficulties, established by the Convention of Children's Rights. Furthermore, he cites the articles of this Convention which refer to children with special needs, adopted by the General Assembly of UN in 1989. Hrnjica also induces how to approach the inclusion of both children with and without developmental problems in the primary education, by their parents, by their teachers and the members of the professional team (pedagogues, psychologists, special educators and social workers). In this part the author points out the importance of the estimation of the anomaly in children with developmental disabilities, so in addition no. 1 he presents a questionnaire which has to be filled up by the authorities in order to *make assessment of child's behavior during testing* from the aspect of several criteria (entering a premise, the first reactions, i.e. according to the requirements of the examiner, their response to failure, to continuous failure, their response to success, their relationship with the examiner, the position of their body, movements and the expression of their face).

Во почетокот на вториот дел, *Подготовка на детето со пречки во развојот за поаѓање во училиште и период на прилагодување,* авторот Сулејман Хрњица, наведува кои предиспозиции е потребно детето да ги поседува за да биде подготвено за поаѓање во училиште, во кои услови е потребно детето со пречки во развојот да се образува заедно со своите врсници без равојни потешкотии, но, и што очекува училиштето од овие деца. Освен тоа, авторот објаснува дека треба да се работи и со родителите кои имаат деца со пречки во развојот, паралелно како и со наставниците кои ќе бидат вклучени во работата со овие деца. Затоа, според него, еден од најбитните фактори за успешна адаптација на овие деца е поврзување на училиштето со здравствените установи, предучилишните установи и центрите за социјална работа, како и формирање посебен тим кој ќе работи со овие деца и ќе изработи индивидуално досие за децата. Во прилогот бр. 2 е наведен модел на *досие за следење на развојот на учениците,* од кое се добиваат податоци во однос на повеќе критериуми. Покрај тоа, потребно е и систематизирано да се набљудуваат овие деца во текот на прилагодувањето во училиштето, па во прилогот бр. 3 прикажана е *скала за проценa на однесувањето на детето во училиште во периодот на адаптација* во однос на неколку критериуми (доаѓање во училиштето, заинтересираност на детето за училишните активности, реакциите на детето на успех/неуспех, односот кон другите деца во одделението, односот кон наставниците и доминантните емоции во текот на престојот во училиште). Како прилог бр. 4 наведена е *скала за процена на развојот на учениците во раната училишна возраст* која треба да ја пополни наставникот за сите ученици во однос на девет особини групирани во 3 групи (интелектуални, емоционални и социјални).

Во третиот дел *Изработка на индивидуални образовни планови за децата со пречки во развојот,* авторот го дефинира поимот индивидуален образовен план, неговите карактеристики и составни делови и причините за неговото воведување.

At the beginning of the second part, *Preparation of a child with developmental disabilities to start school and the period of adaptation*, the author Sulejman Hrnjica states the necessary child's preparation to start school, what kind of conditions the child with developmental disabilities needs in order to be educated together with his schoolmates without developmental disabilities, what the school expects of these children. He explains that it is necessary to work with the parents of children with developmental disabilities, in parallel with the teachers included in the work with these children. Therefore, according to him, one of the most important factors for a successful adaptation of these children is the connection of the school with health institutions, preschool institutions and Centers for social work, as well as forming a special team to work with these children that will prepare individual files for the children. In addition no. 2 a model of *a file for follow up of child's development* is presented, getting data in regard with many criteria. Besides this, it is necessary to observe these children systematically during the school adaptation period, so in addition no.3 he presents *the scale for assessment of child's behavior in the school during the period of adaptation* according to some criteria (coming to school, child's interests for school activities, child's response to success/failure, child's relationship to other children in the classroom, to the teachers and his/her dominant emotions during his/her stay at school). In addition no. 4 he gives the *scale for assessment of child's development at early school age*, which has to be filled up by the teacher for all pupils regarding nine characteristics shown in three groups (intellectual, emotional and social).

In the third part, *Designing individual education plans for children with developmental disabilities,* the author defines the idea of individual education plan, its characteristics and components and the reasons for its introduction.

Потоа, тој се осврнува на целната група за која се однесува посочениот индивидуален план и периодот кога е потребно да се направи истиот. Освен тоа, според авторот, како и според Конвенцијата за правата на децата на ОН, потребни се одредени принципи според кои ќе работи тимот (составен од стручни лица) и родителите на децата со пречки во развојот во индивидуалниот план за работа. Понатаму, авторот ги наведува областите во кои се јавуваат проблемите на децата и дава предлози за нивното решавање. На крајот на ова поглавје авторот наведува три примери на различни деца за нивниот развоен статус и индивидуалниот образовен план во рамките на инклузијата во редовното образование.

Последниот, а воедно и најобемен дел *Како да се подготви училиштето за деца со пречки во развојот*, се однесува на тоа како е потребно да се опреми училиштето за да биде прилагодено за работа со децата со развојни проблеми, почнувајќи со отстранување на архитектонските бариери за пристап во училиштето, адаптација на тоалетите и трпезаријата, мебелот во училниците и кабинетите, па сè до набавување дополнителни наставни средства за инклузивната програма. Освен тоа, мошне значајно е и укажувањето училиштето да се поврзе со локалната заедница (здравствените установи, предучилишните установи, редовните и специјалните училишта, центрите за социјална работа, и доколку постои - со општинската асоцијација на родители за грижа за деца со пречки во развојот). Фактор што не треба да се запостави, кога се зборува за инклузијата на овие деца се и родителите, кои треба да помагаат како „партнери“ на училиштето, па токму затоа потребно е и да постојат принципи на тој партнерски однос, т.е. да се подготват родителите за истиот, да воспостават реалистичен став кон детето и да го поттикнуваат развојот на детето во семејната атмосфера.

Then he turns to the whole group, which the given plan refers to and the period it is supposed to be prepared. Besides that, according to the author and the UN Convention of Children's Rights, certain principles are necessary for the professional team and the parents of children with developmental disabilities to carry out the individual working plan. Then the author states the areas where the problems of the children arise, and gives suggestions to solve them. At the end of this chapter the author takes three examples of different children, their developmental status and the individual education plan within the inclusion in the regular education.

The last, but the largest part, *How to prepare the school for children with developmental disabilities*, refers to how the school has to be equipped to meet the needs of children with developmental disabilities, starting with the architectonic barriers to approach school, adaptation of toilets and dinning rooms, classroom and cabinets' furniture, as well as supplementary teaching aids for the inclusive program. It is also very important to connect the school with the local community (health institutions, preschool institutions, regular and specialized schools, centers for social work, and, if there is, the municipal association of parents' care of children with developmental disabilities). The factor which must not be neglected when the inclusion of these children is in question, are the parents. They, as "partners" of the school, should help, i.e. parents should be prepared for this partnership relation in order to establish a realistic attitude toward their child and to stimulate child's development in the family environment.

Покрај родителите, и наставниците треба да се подготват за прифаќање и работа на децата со пречки во развојот преку формирање одредена вредносна ориентација кај нив, дополнителна обука за успешна воспитно-образовна работа и давање предлог - програма од полугодишен курс за работа со овие деца. Секако децата се најбитниот фактор со кој треба да се работи во оваа фаза, па така, тие треба да се подготват за комуникација и интеракција со своите врсници, но и со своите наставници, преку објаснување на значењето на овие два поими, но и преку поттикнување на активно учество во игри и работилници, па авторот дава и два примери за работилници за подготовка на овие деца за вклучување во редовното образование. При крајот на ова поглавје, авторот прилoжува *скала за набљудување на комуникацијата и социјалната интеракција на децата со пречки во развојот во процесот на инклузија во редовното образование.* Пред, библиографијата, која е прилично нова и разновидна, наведени се резултатите од евалуацијата на проектот, специфичните цели и задачи на проектот, како и плановите за натамошните активности.

Ставовите на авторот поврзани со овој „проблем" се разработувани од Daniels E., Staford K., Rotschild J., но Хрњица е „пионер" во оваа област на територијата на поранешните југословенски држави. Ова дело претставува сублимација на долгогодишен труд и макотрпна работа на поголем број професори, истражувачи, наставници и заслужува да се најде во секоја училишна и домашна библиотека, затоа што и **децата со пречки во развојот се деца со посебни потреби, а децата со посебни потреби, пред сè, се деца**.

На крајот да истакнам две работи:

- секое дете е единствена, интегрирана личност - *пречките во развојот најчесто не се суштината на идентитетот на детето, затоа, неопходна е креативност за да понудиме дефиниција за секое дете поединечно;*
- *на децата треба да им се помага ненаметливо* - само така ќе дојдат до израз потенцијалите со кои овие деца располагаат.

Besides parents, the teachers should be prepared to accept and work with children with developmental disabilities through forming a determined valuable orientation in them, additional training for successful upbringing and education work and presenting a draft-program for half-term course for work with these children. The children, certainly, are the most important factor in this phase, so they have to be prepared for communication and interaction with their schoolmates, as well as with their teachers, through explanation of these two issues and through stimulation of active participation in games and workshops. The author gives examples of workshops for preparation of these children for inclusion in the regular education.

At the end of this chapter, the author shows *the scale for observation of communication and social interaction of children with developmental disabilities in the process of inclusion in the regular education.* Before the bibliography, which is relatively new and various, the results of the project evaluation, the project specific goals and tasks as well as the plans for future activites are stated.

The author's attitudes toward this "problem" are worked out by Daniels E., Staford K., Rotschild J., but Hrnjica is a "pionner" in this field on the territory of formar Yugoslav states. This work is a sublimation of long duration hard work of a large number of professors, researchers, teachers and deserves its place in school and home libreries, because **children with developmental disabilities are children with special needs, and children with special needs are first of all CHILDREN.**

At the end of this review I would like to point out two things:

- Each child is a unique, integrated personality - *developmental disabilities are not the essence of child's identity. Therefore, it is necessary to be creative and to offer a definition for each child respectively;*
- *Children should be helped non-intrusively* - only in such a way their potentials will be expressed.

**ОВАА СТРАНИЦА НЕ ТРЕБА**